# КРИТИКИ И ПРИКАЗИ

**ГЛАСНИК, (Институт за национална историја), бр. 2—3, год. XXIII, Скопје, 1979, 340.**

Во постојаната рубрика Прилози и Статии, која опфаќа осум трудови, уводната статија, под наслов „Забележителни резултати на македонската историографија“ (7), всушност, е поздравниот збор на претседателот на ЦК на СКМ Ангел Чемерски изнесен на научниот собир „Основањето и развојот на Комунистичката партија на Македонија“, одржан во Скопје на 1—3 ноември 1979 година, а е препечатен од в. „Комунист“ (македонско издание) бр. 46 од 2 ноември 1979 год.

Во статијата се изнесуваат, во кратки црти, условите што КПЈ ги создаде под раководството на другарот Тито за национално и социјално ослободување на македонскиот народ, постигањата на македонската историографија во проучувањето и расветлувањето на одделни периоди од историјата на македонскиот народ и на работничкото и комунистичкото движење во Макдонија, а се укажува и на идните задачи на нашата историска наука.

Во прилогот „Одгласот на Илинденското востание во скандинавскиот печат“ (13) авторот Сава Јанковиќ, врз основа на истражувањето на десет дневни весници од крајно-североисточното подрачје на Европа, кои во текот на целата 1903 година обилно го информирале скандинавското население за настаните од пред и по Илинденското востание, ни дава целосна претстава со опширни цитати од весниците, проследени и со свои коментари, за одвивањето на настаните во предвостаничкиот период, за текот на востанието и за неговите последици.

„Дојран во минатото“(51) е статија од Христо Андонов-Полјански. Служејќи се со изворни и други податоци авторот прави краток осврт на значајните пунктови од историјата на овој македонски живописен центар.

Глигор Тодоровски пишува на тема „Прашањето за економската пенетрација на големосрпската пропаганда во Македонија пред Балканските војни“. Во че-

тири поднаслови, врз основа на нови архивски материјали, истражени во Архивот на СР Србија во Белград, авторот ги прикажува насоките и настојувањата на големосрпската пропаганда за економска пенетрација во Македонија.

Случајното откритие на бомби на 19. IV 1896 година од страна на колџиите на Режијата за тутун во Битола во товарите со ориз на Доне Стојанов Тошев — познат како Доне Штипјанчето, а со тоа и соочување на МРО со турските власти, е тема за која пишува Димитар Димески во прилогот под наслов „Доневата афера, 1896 година" (99).

Во статијата на Милка Здравева „Експлоатација на сулфур и шалитра во Македонија во времето на османлиското владеење и нивната преработка во црн барут" (107) се изнесуваат причините за опаѓањето на старото рударство во Отоманската империја што понапред било мошне развиено, а потоа во новите услови, по опаѓањето на старото рударство, во Македонија започнува интензивна експлоатација на сулфур и шалитра, кои биле наменети за правење на барут. Охридскиот крај бил центар на оваа интензивна експлоатација во времето од 30-тите години на XVII па до 30-тите години на XIX век, а во Солун од 60-тите години на XVII век работела барутана, со мошне голем капацитет, повеќе од 100 години. Со нејзиното укинување во 1831 година престанало и производството на сулфур и шалитра.

„Положбата на Црна Гора во Југославија меѓу двете светски војни" (131) е прилог на Зоран Лакиќ. Во него авторот изнесува како дошло до откажување на Црна Гора од својата сопствена држава и државност и присоединување кон Србија во 1918 година, длабоката вера на црногорскиот народ во идејата на југословенството и дека силната држава е битен услов за опстанок, и материјален и општествен просперитет на народот. Но, се нагласува и неговото незадоволство од обединувањето, зашто тоа е извршено на начин со кој Црна Гора не ѝ биле обезбедени правата коишто историски и политички ѝ припаѓале, поради што црногорскиот народ бил национално и политички обесправен заедно со останатите народи на Југославија. Макар и незадоволен со својата положба во стара Југославија, се нагласува на крајот од прилогот, априлската катастрофа од 1941 година црногорскиот народ ја доживува како тежок пораз и национална трагедија, зашто сепак верувал дека слободниот општествен и економски развиток е можен само во рамките на Југославија.

Александар Илиевски е автор на статијата под наслов „Основањето и дејноста на Народниот универзитет во Скопје меѓу двете светски војни" (153). Во неа се изнесува развојниот пат на Народниот универзитет во Скопје од неговото формирање во 1920 година во рамките на скопскиот Филозофски факултет и кој, од 1924—25 година до почетокот на Втората светска војна, прераснува во посебна институција.

Потоа станува збор за формите на неговата дејност, тематиката на забележителните предавања, имињата на предавачите со нивните звања и институции во кои работеле, делокругот на неговото дејствување и соработката со други слични институции во стара Југославија и др. Авторот подвлекува на крајот на статијата дека Народниот универзитет во Скопје дал придонес не само во ширењето на народната просвета меѓу населението, туку придонел и одиграл кај нас, во периодот меѓу двете светски војни, мошне значајна улога и во развивањето и јакнењето на напредното студентско, работничко и комунистичко движење, макар што бил основан од тогашните владеачки режими.

Во рубриката *Материјали* има само еден прилог што носи наслов „Неколку извештаи на бугарските окупаторски власти за приликите во Битолско-прилепскиот регион 1941 - 1943 година" (173). Авторот на истиот, Растислав Терзиоски, изнесува поишроки изводи од 17 оригинални бугарски документи сочувани во Централниот бугарски историски архив во Софија (ЦДИА), кои се пишувани од културно-просветни работници доведени во Македонија од Бугарија, кои пак, покрај својата основна просветителска должност кон фашизација и бугаризирање на македонската младина, биле задолжени и како известувачи на воено-полициските власти. Во својот коментар авторот подвлекува дека овие документи содржат интересни податоци за активноста на Комунистичката партија и партизанското движење, за работата на илегалните работници, за судењето на некои истакнати комунисти од спомнатото подрачје и за суровиот терор и самоволијата од страна на воено-полициските и административните власти спрема народот од овој крај.

И рубриката *Хроники* има само еден прилог. Тој носи наслов „Македонија во турската хроника ,Тацут Тефарих' од Хоца Садудин-Ефенди (1361-1520)" (203). Автори на овој прилог се Александар Матковски и Кемал Аручи кои во уводниот дел ја даваат во кратки црти биографијата на Хоца Садудин, а говорат и за неговото дело „Тацут Теварих" (Круна на историјата). Потоа авторите набројуваат, во превод на македонски јазик, извадоци од ова дело што се однесуваат на Македонија и на нејзините соседни области. Извадоците се однесуваат на периодот од турското навлегување на Балканот, начинот и времето кога биле освојувани поодделни македонски градови; се опишуваат буните на шејхот Бедредин и на Дузме Мустафа, како и борбите на Турците со Скендер-бег, а се даваат податоци и за разни шејхови од халветската секта како и од други секти што живееле или работеле на македонска територија.

Рубриката *Сеќавања* е застапена со прилогот од Митко Илиев под наслов „Од работата на учителите од НР Македонија во Пиринска Македонија" (235). Авторот изнесува дел од своите сеќавања за помошта и немалиот придонес на нашите учители што ги дале во Пиринска Македонија

со својата активност во рамките на културната автономија.

Во рубриката *Ликови* Ташко Мамуровски пишува за животниот и револуционерниот пат на Тодор Дојчинов-Морава (1921—1947) (247). Роден во Енице Вардар, Егејска Македонија, Морава како наемен работник рано пристапува во организацијата на Комунистичката младина на Грција, а од 1942 година станува и член на Комунистичката партија на Грција. По срамниот договор во Варкиза од 12. II 1945 година Морава развива активна борба против монархофашистичкиот режим во Грција и во таа борба, предаден од еден селски предавник во село Крушари и опколен од непријателот, за да не падне жив во негови раце, херојски загинува подметнувајќи ја под себе последната рачна бомба што ја имал.

Во останатите рубрики на овој двоброј на Гласникот (Библиографии, Рецензии и Прикази, In mrmoriam и Научни собири) има 21 прилог.

Ксенија
ЦИДРОВА-МАКЕДОНСКА

**СРБИЈА 1878. ДОКУМЕНТИ. Приредили: М. Војводић, Д. Р. Живојиновић, А. Митровић и Р. Самарџић. СКЗ. Београд 1978. стр. 173.**

По повод 100-годишнината од прогласувањето на независноста на српската држава и нејзиното меѓународно признавање на Берлинскиот конгрес, горенаведените членови на катедрата за општа историја на Филозофскиот факултет во Белград, како приредувачи на ова издание, всушност со објавувањето на оваа збирка од 380 документи од домашно и странско потекло, го одбележале овој крупен настан од историјата на српскиот народ и неговиот државно-правен развиток.

Во краткиот предговор горе-споменатите приредувачи на збирката со право констатираат дека во досегашната српска историографија се чувствувала голема потреба за документарен материјал од овој карактер и нивната намера била да пополнат една голема празнина преку која ќе му овозможат на историчарот и на поширокиот читател да го сфатат што подобро сложениот нагорен пат кој довел до прогласувањето на независноста на Србија.

Почнувајќи од 1 јануари 1878 година, документите од оваа збирка се нижат по хронолошки ред, во кој се согледува динамиката на настаните од последната година на големата источна криза на Балканот, започната со Босанско-херцеговското востание и Српско-турските и Руско-турската војна, која доведе до крупен настан не само за Србија и за нејзиното територијално проширување, туку и до поголеми промени и во другите области на Балканот. Во оваа збирка на документи како на дланка се согледуваат егоистичките интереси на тогашните големи европски сили, кои врз плешките на по-